Весна ПЕТРЕСКА

UDK 394.262(497.17)(049.3)

СПОРЕДБЕНО РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРОЛЕТНИТЕ ОБИЧАИ КАЈ ДВЕТЕ ВЕРСКИ ГРУПИ ОД МИЈАЧКАТА ЗАЕДНИЦА*

Во овој труд се врши компаративно разгледување на пролетните обичаи кај двете верски групи (православна и исламска) од мијачката етничка заедница. Во нив се сретнуваат елементи од паганството. Со пролетните обичаи се настојува да се пробуди природата, да се обезбеди здравје на луѓето и стоката. Посебно внимание се обрнува на обредите со вегетација, колењето јагне на Ѓурѓовден, бркањето змии на Еремија, обредите со велигденски јајца како и на магијата.

Мијаци, христијанство, ислам, Летник, Ѓурѓовден, Вели четврток, Еремија, Спасовден, обреди со вегетација, колење јагне, велигденски јајца, межник, магија, бркање змии.

Мијаците[1] се словенска етничка заедница, која го населува просторот на Западна Македонија, во сливот на реката Радика,

---

* Овој труд е објавен во списанието „Български фолклор", кн. 1-2, 1995, посветен на „Сакралното във фолклора", под наслов „Пролетните обичаи при двете верски групи от Мияците в Република Македония", каде Редакцијата на списанието на стр. 143, без исзвестување на авторот, има вметнување на нова фуснота (означена со две sвездички) во која вели: „В българската и чуждестраната научна литература од XIX и началото на XX век мияците се определят като българска етнокултурна общност", и понатака е наведена литература. На крајот на фуснотата стои дека тоа го извршила Редакцијата. (**Бел. сост.**). Со овој нивен став не се согласувам и не го прифаќам за свој, За да не доаѓа до недоразбирања, трудот го почувам со почетокот од резимето.

[1] Смиљанић, Тома. *Мијаци, Горна Река и Мариовско Поље.* Српски Етнографски зборник, (понатака СЕЗ), књ. XXXV, Београд, 1925, 40; Цвијић, Јован. *Балканско полуострово и јужнословенске земље.* Београд, 1966, 494;

десна притока на Црн Дрим. Овој регион е населен со Македонци од христијанска и исламска вероисповест. Некои елементи од обичаите и верувањата со карактеристики од словенската традиција се сочувани меѓу ова население. Во етничката слика на Мијаците учествуваат словенски и несловенски групи (влашки и албански), но сепак поради бројноста на словенското население, словенската етничка група има предност пред несловенските групи.[2]

Во периодот на турското ропство, на основа на верскиот фактор, еднородната мијачка заедница ќе биде принудена да се раздели на две помали верски групи, со примање на исламот на еден дел од ова население. Помасовна исламизација во овој предел започнува од XVI век, која трае сè до XX век.

Мијачката исламизирана група живеејќи во компактни селски средини, затворена во себе, успеала да ги сочува карактеристичните етнички белези - јазик, обичаи, фолклор од времето пред примањето на исламот. Некои од обичаите се напуштени, особено оние кои не се во склоп со исламската религија, но, сепак, многу од нив се задржале. Ова особено се однесува на обичаите кои се поврзани со пролетните празници (Летник, Ѓурѓовден, Благовец и Еремија), кои се скоро идентични кај двете верски конфесии од еднородната мијачка група, кои и ќе бидат предмет на компаративно разгледување.

Пролетните обичаи во најголем дел се поврзани со календарските празници. Календарските обредни циклуси се динамични системи, насочени кон преобразување на природата и општеството како целина. Во основа на пролетниот циклус обичаи стои маѓиско-религиозно начело, бидејќи промената на природата е

Трайчевъ, Георги. *Книга за Мияцитъ*. София, 1941; Томић, Светозар. *Скопље-Тетово-Гостивар-Маврово-Галичник*. „Братство", књ. XVII, Нови Сад, 1923, 225; Кънчов, Васил. *Избрани произведения*, том II, София, 1970, 321; Кличкова, Вера; Георгиева, Милица. *Свадбените обичаи во Галичник (Дебарско)*. Гласник на Етнолошкиот музеј, кн. 2, Скопје, 1965, 96; *Македонија како природнаи економска целина*. Институт за национална историја. Скопје, 1978, 209-210; Поленаковиќ-Стејиќ, Радмила. *Шафарикове белешке о Мијацима*. Зборни Етнографског музеја 1901-1961, Београд, 1953, 1953, 372-379.

[2] Палукрушева, Галаба. *Исламизацијата на торбешите и формирање на торбешката субгрупа*. Скопје, 1965, докторска дисертација ракопис), 89-91.

сакан акт, плод на една колективна волја[3]. Тоа особено доаѓа до израз во обичаите кои се поврзани со главните стопански гранки, сточарството и слабо развиеното земјоделство. Календарските празници се обусловени од стопанскиот живот на селското население, и затоа може да се каже дека народниот календар на Мијаците, како и на другите балкански Словени и некои други народи настанал на производна основа[4]. Во обичаите поврзани со пролетните празници се настојува по маѓиски пат да се отстранат злите сили и да се обезбедат идните плодови. Ова особено се однесува на обредите со вегетацијата, кои треба да ја оживеат природата и да осигураат плодност на растенијата, животните и човекот. Така уште пред календарскот започнување на пролетта, се изведуваат многубројни обреди со кои се наговестува нејзиното доаѓање. Така на Летник (1. III. ст. к. 14. III н. к.) берат билки и тоа најчесто полски „жолти и бели" цвеќиња, пофит (долгнавесто растение во вид на лоза), гранчиња од дрен, леска, даб и тн. со кои се украсуваат влезните врати на домовите, вратите на стопанските објекти, а со нив се украсуваат и луѓето. Беренето билки застапено е и на Ѓурѓовден, кога исто така се украсуваат влезните врати. Според М. Елијаде, прагот, вратата и премините претставуваат оние места кои значат прекин на континуитетот на просторот, па оттаму имаат голема улога како религиски вредности, заедно предствавуваат симболи на премин. Затоа на граничните места кои ги раздвојуваат овие два света се закопуваат или се ставаат предмети со маѓиска вредност.[5] Во овој случај билките ја имаат маѓиската вредност. Од билките кои се берат на Ѓурѓовден најзастапени се копривата, дебелинката пофитот, кукурекот, силенот, здравецот и тн. Употребливоста на некои растенија е базирана на принципот на етимолошката аналогија, па така веќе со самото име е изразено одредено

[3] Кузманова, Василка. *Обред и обреден фолклор*. БАН, Институт за фолклор, София, 1981, 1981, 118.

[4] Kulišić, Špiro. *Značaj slovensko-balkanske i kavkaske tradicije u proučavanju stare slovenske religije,* III, ANU BIH, Godišnjak, knj. XII, Centar za balkanološka ispitivanja, knj. 10, Sarajevo, 1974, 8; Динеков, Петър. *Български фолклор*. Първа част, София, 1972, 291.

[5] Елијаде, Мирча. *Свето и профано*. Књижевна заједница Новог Сада, 1986, 64.

маѓиско својство на некое растение[6]. Така со дебелика луѓето ги врзуваат половините за да се дебели, со силенот и здравецот се мијат да се силни и здрави, девојките ги врзуваат половините со тревата „лепавец", „лепушка" (да се лепат момчињата за нив) итн. Во култот на секој верски систем, како и во обичаите на простиот народ, има растенија во кои е оличена некоја религиозна идеја, посветена на едно божество, или пак се замислува дека се тие лековити и дека со нив може нешто да се постигне.[7] Со набраните билки и гранки се украсуваат шталите каде се чува добитокот. Исто така се украсува и ведрото каде што се молзе млекото со венец, особено со дебелика, за да биде дебело млекото, како и бутинот, садот во кој се мати млекото со венец од дебелика, „бучи бутин" и различни други растенија. Венецот потоа се фрла во вода, или пак се ситни и со него се закрмува стоката. Обредното закитување на стопанските објекти почива на амбивалентното сфаќање на апотропејската и продукционата маѓиска сила на зеленилото.[8] На Ѓурѓовден се врши и потерување на стоката на пасење со зелена гранка, а при нејзиното враќање се плете венец кој се става на некоја овца или крава. Застапено е и молзењето низ маѓичен круг од венец, со цел млекото да не се растура, туку да останува во куќата. Од досега изложеното може да се види дека венецот наоѓа широка примена. Венецот по својот состав, облик, а под влијание на кругот, првобитно имал маѓиска улога за заштита од демони, таинствени појави и работи, а по шаренилото на цвеќињата, нивниот мирис и по облиците на листовите добил секундарна улога, со него се прикажува свеченост, победа.[9]

Во обредите со вегетација главната улога ја имаат жените. Берењето на билките, украсувањето на куќата за живеење и стопанските објекти го врши жената. Општествениот и културен феномен познат под името „матријархат", се поврзува со откри-

---

[6] Jovanović, Jovan. *Magija srpskih obreda.* Svetovi, Novi Sad, 1993, 115.

[7] Вукмановић, Јован. *Пролећни обичаји.* Рад IX-ог Конгреса Савеза фолклориста Југославија у Мостару и Требињу 1962, Сарајево, 1963, 259-272.

[8] Колева, Татяна. *Гергьовден у Южните Славяни.* София, 1981, 45.

[9] Кулишић, Ш.; Петровић, П.Ж.; Пантелић, Н. *Српски митолошки речник.* Нолит, Београд, 1970, 6.

њето на прехранбените билки, кое го направила жената, па нормално е што таа постанува сопственик на жетвата и земјата. Плодноста на земјата се поврзува со плодноста на жената. Според тоа жените постануваат одговорни за обилноста на жетвата, тие ја познаваат „тајната" на создавањето. Станува збор за религиозна тајна, бидејќи таа управува со потеклото на животот, исхраната и смртта.[10] Како во пролетните обичаи, главната цел е по маѓиски пат да се навести оживувањето на природата, а со тоа и плодноста на земјата и обилниот род, а како жената ја знае тајната на создавањето, нормално што таа е главниот учесник во овие обреди. Целиот растителен свет во сите религии и митологии доаѓа во интересна сфера и под контрола на женските божества и демони.[11]

Употребата на зеленилото треба да ја оживее природата и да осигури плодност на растенијата, животните и човекот. Според Фрејзер и Манхарт,[12] обредите со вегетација почиваат на анимистичката представа. Ш. Кулишиќ,[13] исто така ја застапува анимистичката теза и смета дека целиот комплекс обичаи, пролетно - летни и зимски, кај сите словенски народи почива на анимистичката претстава за влијанието на одредени дрвја, посебно нивните млади гранки на родот на посевите, за здравје на луѓето, напредок на стоката.

Во обредите со вегетацијата доаѓа до израз периодичното обновување (повторното отпочнување, повторното создавање) на светот. Во обредите со вегетацијата не е секогаш природен феномен пролетта и појавата на вегетацијата, тој кој е значаен, туку знак кој ја навестува космичката мистерија. Обредите на носење на зелени гранки претставуваат знак на претстојното воскреснување на вегетацијата, знак дека пролетта е тука.[14]

---

[10] Elijade, Mirča. *Istorija verovanja i religijska ideja* I. Prosveta, Beograd, 1991, 40.

[11] Чајкановиќ, Веселин. *Мит и религија у Срба.* Београд, 1973, 11.

[12] Фрејзер, Ц. Џемс. *Златна грана.* Београд, 1992, 159.

[13] Kulišić, Špiro. *Stara slovenska religija u svijetlu novijih istraživanja posebno balkanoloških.* ANU BIH, Djela, knj. LVI, Centar za balkanološka ispitivanja, knj. 3 Sarajevo, 1979, 69-70.

[14] Елијаде, Мирча. *Свето и профано.* Нови Сад, 1986, 136.

Уште еден заеднички елемент кај двете врски групи е колењето на јагнето на Ѓурѓовден. Јагнето може да биде колено од индивидуално семејство, зависно од имотната состојба, или пак да биде заедничко за целото село. Кога е тоа заедничко за целото село, тогаш некој од селаните носи јагне во одредената црква. Треба да се одбележи дека тука не се знае кој селанец ќе донесе јагне во црквата, па така може да се случи во црквата да се донесат повеќе јагниња. Колењето на јагнето се изведува во црквата (во црквениот двор). Колењето на јагнето во исламизираните (а и кај православните, кога е тоа колено од индивидуално семејство) се изведува или на одредено место во селото, или пак се прави пред куќата, односно пред куќниот праг, што е во врска со култот на предците. Јагнето може исто така да се коле пред шталата, или пак над зелена трева. Се коле првороденото машко јагне, затоа што женските ги чувале за приплод, и секогаш треба да биде бело. Во врска со белата боја на јагнето се верува дека белото јагне подобро ќе им ги исполни желбите. Колењето на јагнето за прв пат во годината се врши на Ѓурѓовден. Дотогаш било забрането да се јаде јагнешко месо. Јагнето се коле обично на самиот ден, пред изгревот на сонцето. Кога се коле јагнето тоа се свртува кон исток, што секако симболизира раѓање на нов живот. Кај исламизираните Мијаци кога се коле јагнето, тоа се свтрува на запад, му се дава да се напие вода, затоа што гревота е да се заколе без да се напие вода, „арам е месото да го јадеш", а главата и грбот на јагнето се мачкаат со кана. Кај нив јагнето што е наменето за Бајрам се вика „кулбан" јагне. Тоа при колењето исто така се свртува кон запад, се мачка со кана, очите му се покриваат со крпа, се коле под капавица, каде што се копа дупка во која истекува крвта, и во неа се стават главата и сите делови што не се јадат. Потоа оваа дупка се покрива, за да не можат овие делови да ги јадат кучиња.[15] Колењето го изведува најстариот член во семејството, домаќинот, или пак дотолку тој не жив, тоа го врши најстариот син. Кај христијаните пред да се започне со колењето на јагнето, на

[15] Информатор: Мевлуза Ишаровска, р. 1965 г. во с. Могорче, сопствени теренски истражувања.

вратот му се прави со нож зарез во форма на крст,[16] кој елемент веројатно е примен со христијанизацијата.

Кај Мијаците има одредени денови во неделата кога не смее да се коле никакво животно. Така во понеделник, среда и петок не се коле, затоа што тие се „посни" денови, а дозволено е да се коле во вторник, четврток, сабота и недела. Особено не смее да се коле животно во понеделник, затоа што се верува дека може да се зареди, да умира целата стока, да настануваат жртви.[17] Доколку празникот се погоди во некој од овие денови кога не треба да се колат животни, тогаш јагнето се коле претходниот ден.

Крвта од јагнето слободно паѓала пред куќниот праг, пред шталата или над зелена трева. Се сметало дека крвта од јагнето имала посебна моќ, кое верување се заснова на анинистичката претстава за крвта како седиште на телесната душа. На оваа аннимистичка претстава, а во согласност со развојот на народната религија, се развиваат и одредени сфаќања (крвта како извор на плодност и здравје), а следствено на тоа се развила и одредена маѓиско - култна практика (заснована на идејата дека преку крвта ќе се пренесе животната сила на човекот, а потоа на стоката и вегетацијата).[18] Вакви верувања за крвта постојат и кај други словенски народи, на која основа би можеле да претпоставиме дека е тоа дел од културното наследство на старите Словени.[19] Откако јагнето ќе се заколе, се дели на парчиња, при што се внимава да има парче месо за секоја куќа, а потоа месото се става во казани да се вари. Доколку јагнето е колено од индивидуално семејство, треба целото семејство да биде собрано на ручек, и секој да добие дел од ова месо. На тој начин животот на светата жртва, која првобитно била и самата божествена бил апсорбиран од сите кои учествувале во обредот, а светата врска помеѓу нив повторно е воспоставена и потврдена.[20] Целта на јадењето е човекот сакраментално да се натопи со виталноста која е во жртва-

---

[16] Информатор: Илкоски Саре, р. 1947 г. сопствени теренски истражувања.

[17] Информатор: Илкоски Саре, сопствени теренски истражувања.

[18] Бандиќ, Душан. *Крв у религијским представама и магиско-култној пракси нашег народа.* Гласник етнографског музеја, књ. 37, Београд, 1974, 160.

[19] исти, н.д. 161.

[20] Џемс, О.Е. *Упоредна религија.* Матица спрска, Нови Сад, 1990, 266.

та.[21] Исто така, многу се внимавало на коските од јагнето. Така тие се кршеле, и не се фрлале каде било, туку се собирале и се фрлале во река или пак се закопувале во земја. Со ова е сврзана претставата за маѓиското размножување на животното, преку оплодителната сила на земјата. Архаичната основа, сврзана со религиозната претстава за маѓиското размножување на животното со закопување на цели коски во земја, постепено се развива во претставата за повторно раѓање на убиеното животно, коешто со посредство на постојните елементи коски и земја, се враќа кај народот.[22] Убиството на живо суштество и неговот второ раѓање во нова субстанца е тема на светскиот фолклор и религии.[23] Ова е поврзано и со култот на мртвите, односно култот на претците, на кои треба да им се понудат првенците, а покасно тие да им возвратат многу повеќе. Покасно на повисокиот степен на религиозното сознание, претците постепено го одстапуваат нивното место на определено божество, од кое народот ја очекува неговата наклоност, а во случајот е свети Ѓорѓи.

Главната причина на жртвувањето, особено на постарите степени на културата секако е магијата за плодност[24]. Жртвувањето донекаде може да се одреди како намерен свечен чин на симболичко давање или одрекување за некого или за нешто, за да би се постигнала натприродно некоја цел, која не може да се постигне со вообичаените практични работи.[25]

Голема улога во обој циклус обичаи имаат и велигденските јајца. Вапцањето на јајца се врши на Вели четврток, застапено е и кај исламизираните Мијаци, само што ова се кажува многу тешко, бидејќи вапцањето јајца го сметаат за својствено за христијанската религија. Со овие јајца ги бањаат децата, ги поминуваат по лицето, а во водата стават и цветови од круши, јаболка, огојачка, за да бидат дебели децата. За сите деца се вапца по едно јајце, а лушпите се чуваат за Ѓурѓовден, со кои се „слекает" деца-

[21] исти, н.д. 266.

[22] Колева, Татяна. н.д. 81.

[23] Путилов, Н.Б. *Миф - обряд - йесеня Новой Гвинеи.* Москва, 1980, 306.

[24] Janičijević, Jovan. *U znaku Moloha. Antropološki ogled o žrtvovanju.* Beograd, 1986, 208.

[25] исти, н.д. 329.

та, односно им се соблекува облеката.[26] Бојата во која се фарбаат јајцата се истура на Спасовден, кога воедно се врши и последното вапцање јајца. Истурањето се врши на трендафил или во река. Тогаш исламизираните од соседните села оделе да се мијат во река, верувајќи дека тогаш водата е лековита.

Во овој циклус обичаи големо значење има маѓијата. На Ѓурѓовден девојките и жените собираат тревки, познати под името „лепутка", со цел бекарите и мажите да се „лепат", односно да се вртат по нив.[27]

На Ѓурѓовден особено многу била застапена „црната маѓија". Ѓурѓовден во овој крај се смета за межник, а како межници уште се сметаат Летник, Митровден и Танасовден. Така народот ги нарекува оние празници на кои верува дека може да се фати маѓијата. На тој ден се гледа стоката да се врати дома пред сонцето да биде зајдено, а и луѓето не се движат многу ноќно време надвор без поголема потреба. Враќањето дома пред сонцето да биде зајдено се прави затоа што се верува дека сонцето ги ништи мрачните сили. Познати биле маѓии со оставање на конци или крпи на чешми или пак на раскрсници,[28] со цел да се направи некаква штета на стоката или луѓето што ќе поминат таму. Овие конци се јавуваат како посреднички субстанци и треба по маѓиски пат да го привлечат плодородието.[29] Исто така познати биле маѓии со стружење на јаглени пред вратата на одредено семејство на кое сака да се наштети.[30]

Особено се верувало во правењето маѓија со лоши очи. Така се сметало дека маѓосницата може да го одземе млекото само со поглед. Маѓосницата шета во дворот околу стоката, гледа

---

[26] Информатор: Бајрами Нуришка, р. 1945 г. во с. Жировница, сопствени теренски истражувања.

[27] Информатори: Илкоска Верка, р. 1940 и Илкоска Илинка, р. 1930 г. во с. Битуше, сопствени теренски истаржувања.

[28] Информатори: Рафаилоска Марија, р. 1912 г. во с. Битуше и Илкоска Верка; сопствени теренски истражувања.

[29] Арнаудов, Михаил. *Студии врху българските обреди и легенди.* I. София, 1971, 277.

[30] Информатор: Атанасовска Грка, р. 1920 г. во с. Гари, сопствени теренски истаржувања.

во вимето на овцата или кравата и со поглед го собира млекото, односно тоа стадо го губи млекото и оди во нејзиното. Притоа вимето на овцата или кравата отекува.[31] Верувањата во лоши очи застапени се кај предисториските народи, кај сите историски народи во минатото, како и покасно, меѓу сите познати народи, било да се тие на сосема ниска или на висока култура.[32] Особено подложно на влијание од лоши очи е сè она што е младо, напредно и нејако.

Позната била и контра маѓијата. Така одземеното млеко се враќало со тревата „вратика". Застапена била и маѓијата на голи или полуоблечени жени, обично мајка и ќерка, кои ги обиколувале нивите ноќно време јавајќи на кросно,[33] или пак ја правеле маѓијата покрај вода.[34] По принципот на имитативната маѓија, кросното треба да ја зголеми плодноста во нејзината нива, како што се намотува волната на кросното. Според М. Аранудов обредната голотија во ѓурѓовденските обичаи при грабење на жито, млеко итн. се јавува како пасивно маѓиско средство, тоа има значење да ја табуира обирачката, и тоа се јавува на помош и како дополнување на главната цел: собирање на туѓиот плод.[35] Како обредот се обавува ноќно време, а ноќта е време во кое шетаат духовите, демоните, кои во тоа време можат да наштетат на човекот, можат да го нападнат. Гениталиите имаат апотропејско значење, тие побудуваат одвратност. Затоа и во овој случај, разголувањето има за цел да се отстарнат опасните невидливи сили, а со тоа се одзема можноста на духовите да пакостат на маѓосницата, и таа самата слободно може да се занимава со правење штети на другите.[36] Се забележува дека во сите наведени

[31] Информатор: Аврамовска Фима, р. 1923 г. во с. Лазарополе, сопствени теренски истаржувања.

[32] Ђорђевић, Тихомир. *Зле очи у веровању Јужних Словена.* СЕЗ, књ. LIII, друго одељење, Живот и обичаји народни, књ. 23, Београд, 1938, 1.

[33] Информатор: Матески Борис, р. 1910 г. во с. Ростуше, сопствени теренски истаржувања.

[34] Информатор: Мевлуза Ишароска, сопствени теренски истаржувања.

[35] Арнаудов, Михаил. н.д. I, 284.

[36] исти, н.д. 284-285.

случаи маѓиите се правени од жени. Ова е сврзано со древното сфаќање за жената како оплодителна сила.[37]

Треба да се спомене и обичајот на бркање на змии, кој се изведува на Еремија (1. 05. ст. к. - 13. 05. н.к.). Овој обичај исто така се изведува од двете верски групи. Вечерта спроти Еремија, децата одат во нивите, ги обиколуваат три пати и тропаат со звонци, во тепсии со лажици, маши и со други предмети и викаат:

„Бегај, бегај бубаче
ете ти го Еремија
со светаго Танасија
ќе ти мотат черевата
со џелезно мотовило"
(со дрвено мотовило).[38]

или:

„Бегај, бегај поганијо
Еве ти го Еремија
со светаго Танасија".[39]

Ова по народното верување се прави за да се заштитат од змии, односно да се исплашат, да не излегуваат змѝите, а исто така да се заштитат и од други штетни животни.

Од сето досега изложено може да се забележи дека пролетните обичаи, кои беа разгледувани во склоп на пролетните празници се скоро идентични кај двете верски групи од македонското население. Во нив се сретнуваат елементи од претхристијанско време. Ова особено се однесува на обредите со вегетација, на обредите на миење со вода, на жртвопринесувањето на јагнето и многуте маѓиски дејства, особено на црната магија итн. Исламизираните Мијаци обичаите ги приспособиле на новата муслиманска религија, онолку колку тоа го бараат верските норми. Разлики се јавуваат во оние празници кои не се во склоп со исламската религија. Таков е случајот со Велигден, кој не се слави, но сепак е задржана традицијата да не се работи на Вели четврток, Голем петок, Велика или како тие ја викаат Мртва

[37] Колева, Татяна. н.д. 195.

[38] Информатори: Илкоски Саре и Бајрами Нуришка.

[39] Сборникъ Панайота Дьиновскаго изъ села Галичника (въ Дебрахъ). Живая староина, выпускъ I, годъдевятый, с. Петербургъ, 1899, 124.

сабота. Исто така тие не работат на Голема недела, односно Задушница - Духови. Задржана е практиката во некои семејства да се „вапцаат" црвени јајца на Вели четврток за децата. Слична е состојбата и со други празници, кои не се празнуваат, но сепак во овие денови не се работи, како што се Свети Илија, Крстовден и други христијански празници.

Во основа на пролетниот циклус обичаи стои идејата живот--смрт-живот, која се појавува во основата на сваќањето на древниот човек, односно за да се роди нешто, тоа мора прво да умре, односно да се дарува на некого за да би се родило повторно, т.е. да се осигура поголемо плодородие. Оваа идеја, секако, дека најдобро се гледа во пролетните обичаи, кога вегетацијата повторно се раѓа. Умирањето на зеленилото во еден период од годината и неговото повторно раѓање создава услови за размислување за периодично обновување, за повторно создавање на светот, односно во нив се одразува космогонискиот мит за создавањето на светот и новиот живот.

Од сето ова може да се заклучи дека двете верски групи имале единствено заедничко потекло, а до нивна диференцијација ќе дојде многу подоцна, односно со примањето на исламот.

Vesna PETRESKA

THE SPRING CUSTOMS OF TWO CONFESSIONAL GROUPS OF THE MIYATSI COMMUNITY IN THE MACEDONIAN ETNIC COMMUNITY

Summary

The Miyatsi are the slavic etnic community located on the flow of Radika, a tributary of Crn Drim. This region is settled by Christian and Muslim Macedonians. Certain elements from the customs and beliefs with characteristics from the slavic traditions are preserved among this population. All the spring customs mark the awakening of spring, providing health to people and animals. The rituals which take place on this day full features the multitheistic Christian period. This especially refers to the slaughter of the lamb, the rites of vegetation, sprinkling with water and the numerous magic rituals. The human beings unable to understand the natural atmospheric conditions attemted through sacrifices and magic rituals to calm nature, and optain better life. Today a larger number of customs have been reduced and only a few have been preserved only for amusement.